***ОПШТИНА КАРПОШ***
***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број:
Датум: 23.12.2021 год.
Скопје

**До: Бранко Петров, претседател на Советот на Општина Карпош**
**Ивана Ордевска, советник во Одделението за поддршка и организација на работата на Советот**

**Предмет: Бриф материјал околу пренос на седниците на Советот во живо**

Почитувани,

На Ваше барање се обидов да дојдам до првични информации околу процедурата за пренос на седниците на Советот на општина Карпош во живо т.н.-streaming. За таа цел телефонски ги контактирав официјалните лица од АВМУ-Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои имаат сопствено искуство во пренос на нивните седници во живо, но и кои ја владеат оваа регулатива, како и Агенцијата за заштита на лични податоци.
Сепак, главните консултации ги направив со тимот на Општина Карпош задолжен за снимање на седниците на Совет и архивирање на материјалите.

Сугестиите од АВМУ одат во насока на нашиот јутјуб канал на Општината или на фб профилот да вршиме пренос на сите седници, но со препорака тоа да биде професионално, со соодветна опрема (најчесто со две камери и обезбедени микрофони за говорниците: фиксни и/или подвижни, за администрацијата од која може да се бараат стручни толкувања за одредени прашања.) Притоа нема законски пречки за стримување на седниците, но мора да се води исклучително сметка за заштита на приватноста и на личните податоци. Ова подразбира дека сепак треба стручна техничка поддршк (нашиот тим на камермани, монтажер, ИТ експерти), за што АВМУ исто така ни нуди помош во know how.
За оваа цел и писмено се обративме до Агенцијата за заштита на лични податоци за мислење во кој случај би ја нарушиле приватноста на членовите на Советот и администрацијата и кој може да снима. Заова се уште чекам писмен одговор.
Во консултација со Сашо Трајкоски, вработен како камерман во општина Карпош, добив возвратна информација дека нивниот тим може да направи техничка спецификација за трајно следење на седниците на Совет во живо, но за тоа треба да се распише тендер (јавна набавка) за што ќе треба да помине извесен временски период.

Што се однесува пак до стримање, пренос во живо, веќе на првата наредна седница, на 29 декември 2021 година, според Трајковски, тоа е можно да оди на нашиот канал на You tube и Facebook на Општината со ангажирање на аутсорсинг

(надворешен) стручен тим кој се изнајмува еднократно или во неколку наврати, со цена од 100 евра на час и доставување на материјалот од снимањето на наш надворешен хард диск, кој ќе остане во архивата на Општината.

Во прилог Ви го испраќам и мејлот на камерманот Трајковски, кој веќе контактирал тимови кои се ангажираат за ваква намена.

Со почит,

ОПШТИНА КАРПОШ
Раководител на
Одделение за односи со јавност
Виолета Цветковска